*Број 09-3/2*
*20.09.2021 год.*
*Скопје*

**УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ ВО СКОПЈЕ**

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН
# Број 3/2021

17 септември, 2021 година
Скопје

**СОДРЖИНА**

---

РЕФЕРАТИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ

**А) Општествени науки:**

Еден наставник, за научно-истражувачко подрачје 6 Хуманистички науки, научно истражувачко поле 612 Наука за книжевноста, област 64021 Учење на странски јазици (англиски) и 64004 Англистика.

Еден наставник за научно-остражувачко поле 5 Економски науки, област: 50301 Политичка економија, 50302 Применета економија и 51019 Друго

**Издавач**
**Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје**

**До Наставно научниот совет на**
**Факултетот за информатика на Универзитет**
**за туризам и менаџмент во Скопје**
**Република Северна Македонија**

**Предмет:** Извештај на Рецензентска комисија која дава мислење во постапка за избор на д-р Весна Милевска, во наставно-научно звање доцент, за научно-истражувачко подрачје 6 Хуманистички науки, научно истражувачко поле 612 Наука за книжевноста, област 64021 Учење на странски јазици (англиски) и 64004 Англистика.

Врз основа на член 84 став 1 алинеја 4 од Статутот на Универзитетот за туризам и менаџмент, согласно член 172 став 3 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 82/2018), ННС на Факултетот за информатика на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, на 1.9.2021 донесе Одлука со број 20-5/3/1 за започнување постапка за избор на еден (1) наставник во наставно-научно звање доцент, за научно-истражувачко подрачје 6 Хуманистички науки, научно истражувачко поле 612 Наука за книжевноста, област 64021 Учење на странски јазици (англиски) и Англистика 64004 на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.
На седницата одржана 16.09.2021 на ННС формирана е и Рецензентска комисија за давање на мислење во постапката за избор на еден наставник во наставно-научно звање доцент за научно-истражувачко подрачје 6, Хуманистички науки научно истражувачко поле 612 Наука за книжевноста, област 64021 Учење на странски јазици (англиски) и 64004 Англистика (Одлука бр. 20-5/3/2) на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, и тоа во состав:
**Д-р Силвана Нешковска, вонреден професор, претседател, Педагошки факултет Битола, Република Северна Македонија (избрана во научните области 64004 Англистика и 64029 Друго)**
**Д-р Весна Продановска-Попоска, доцент, член, Факултет за биотехнички науки Битола (избрана во научните области 64029 Методика на наставата по англиски јазик и 64004 Англистика)**
**Д-р Лела Ивановска, доцент, член, Факултет за информатички и комуникациски технологии (ФИКТ) Битола (избрана во научна област 64004 Англистика)**
Во својство на членови на Рецензентската комисија за давање мислење во постапката за избор на еден наставник во наставно-научно звање доцент, за научно-истражувачко подрачје 6 Хуманистички науки, научно истражувачко поле 612 Наука за книжевноста, област 64021 Учење на странски јазици (англиски) и 64004 Англистика, на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје го прифативме именувањето.
Рецензентската комисија утврди:
- дека Конкурсот е објавен во дневниот весник „Нова Македонија“ на 7 септември 2021 година и на веб страницата на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје (www.utms.edu.mk) на 7 септември 2021
- дека во предвидениот рок за поднесување пријава на конкурсот се пријавил еден кандидат, и тоа: д-р Весна Милевска,
- дека со пријавата на конкурсот, кандидатот ги доставил сите потребни документи според условите на конкурсот.
Врз основа на поднесената пријава, приложената документација и поднесените трудови на кандидатот, Рецензентската комисија ја проучи научната, наставната и стручната дејност

на кандидатот, ги усогласи ставовите и го поднесува до ННС на Факултетот за информатика на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, следниот заеднички

ИЗВЕШТАЈ
за кандидатот д-р Весна Милевска

којшто ги опфаќа следниве делови:
1. Биографија на кандидатот,
2. Анализа и оценка на научната дејност на кандидатот,
3. Анализа и оценка на наставната дејност на кандидатот,
4. Анализа и оценка на стручната дејност на кандидатот, и
5. Заклучна оценка, мислење и предлог на Рецензентската комисија.

Во прилог на извештајот се дадени:
1. Табеларен приказ на научните трудови на кандидатот *(Прилог 1),*
2. Список на научните и стручните трудови според категории *(Прилог 2),*
3. Доказ за исполнување на условите за вреднување на трудовите во релевантни бази на податоци врз основа на критериумите за избор во наставно-научно звање-доцент, пропишани во Законот за Високото образование на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018) *(Прилог 3)*
4. Примерок од анализираните научни трудови на кандидатот релевантни во постапката за избор во доцент*(Прилог 4),*
5. Потврда за учество во научно-истражувачки проект *(Прилог 5)*

1. БИОГРАФИЈА НА КАНДИДАТОТ

Д-р Весна Милевска е родена на 21.03.1976 год. во Битола. Дипломирала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје, група англиски јазик и книжевност и дипломирала англиски јазик на Филолошкиот факултет Штип група филолог-преведувач и толкувач со просечна оцена 8,08. Го одбранила магистерскиот труд со оцена 8,5 на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“-Скопје, ја одбрани докторската дисертација на Филолошки факултет на Универзитетот во Белград, Република Србија и се здобила со титула доктор на филолошки науки.
Ангажирана е на место професор по англиски јазик на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје од октомври 2021, а претходно работеше како професор по англиски јазик од февруари 2000 година во СОУ „Таки Даскало“. Интензивно е вклучена во преведувачката дејност со својата агенција за преводи и посредување „Филип М“. Од 2019 е претставник на ESB (English Speaking Board) за Република Северна Македонија и Република Србија.
Кандидатката има солидни познавања од информациско-комуникациската технологија и користи Microsoft Office (како и Adobe Premiere, Power Point, др.), а флуентно ги владее англискиот, француски, српски, хрватски и има познавања од германски и италијанскиот јазик.
Кандидатката има способност за планирање и организирање, тимска работа, а располага со комуникациски, интерперсонални и координирачки вештини, како и презентерски способности.

## 2. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА НАУЧНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

### 2.1. Досегашни избори на кандидатот во соработнички и наставно-научни звања

Кандидатката претходно не била бирана во наставно-научно звање.

### 2.2. Преглед на научната дејност и анализа на научниот придонес на кандидатот

Д-р Весна Милевска во нејзината научна и истражувачка активност, до изборот во наставно-научно звање доцент напишала докторска дисертација и објавила повеќе трудови во зборници од меѓународни и домашни научни конференции.

Во продолжение на извештајот е даден приказ на поединечна анализа и оценка на објавените научни трудови.

#### 2.2.1. Докторска дисертација

М-р Весна Милевска поднесе предлог тези за изработка на докторска дисертација со предложен наслов: „Америчке и британске енглеске варијантне разлике на различитим нивоима језичке структуре". По одбраната на докторската дисертација се стекна со академската титула доктор по филолошки науки на Филолошки Факултет англиски јазик во Белград, Р. Србија, јуни 2018.

Во однос на структурата, докторската дисертација е поделена на четири дела , што може да се види од следниот приказ:

Варијациите помеѓу Британскиот и Американскиот англиски се проучуваа на ниво на

**Изговор**

Исто пишување, различен изговор

Различно пишување, ист изговор

**Вокабулар**

Различни зборови за исти поими

Исти зборови за исти поими, делумни разлики во значењето

Исти зборови разлика во стилот, конотацијата и фрекфенцијата

Еуфемизми

Политички коректни изрази

Јазична креативност:реферирање на реалноста на културата

**Граматика**

Разлики во структурата на реченицата

Разликата во употребата на глаголските облици, вклучувајќи и разлика во фрекфенцијата

#### 2.2.2. Објавени научни трудови

Во својот професионален и научен развој, до изборот во наставно-научно звање доцент, д-р Весна Милевска покрај докторската дисертација објавила повеќе стручни и научни трудови од кои се издвојуваат 4 (четири) кои се објавени во:

а) Научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци (а1)

б) Научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции (а2)

Пред изборот во звање доцент, д-р Весна Милевска ги објавила следните научни трудови.

1.„Англиски низ слики", Битолски весник, 7 ноември 2001.

2.„Читањето како процес и потреба", Битолски весник, 14 ноември 2001.

3.„Зошто се прават грешките низ учењето?", Битолски весник, 1 ноември 2001.

4.„Развивање на вештините читање и пишување“, Зборник на трудови од стручна конференција „Случувањата во воспитно-образовната практика“ СОУ „Таки Даскало“ Битола, 2010, ISBN 978-9989-925-09-2.
5.„Соодветната околина и модели-предуслов за ефективно учење на странски јазик“ Зборник на трудови од меѓународната стручна конференција „Ефикасност и ефективност на наставата“, СОУ „Таки Даскало“ Битола 2011 ISBN 978-9989-925-13-9.
6.„Интертекстуалноста и потребата од преведување“ 3та Меѓународна Научна конференција Знаење-капитал за иднината, Зборник, Банско 2-4, 2014, ISBN 978-608-65653-5-0.
7.„Поимот литерарност и очудување во процесот на преведување“ 6та Меѓународна Научна конференција, Моќта на знаењето Зборник, 2-4 октомври 2015, Грција, ISBN 1857-92.
8.„Правење на матрица на преводливост“, 7ма Меѓународна научна конференција Знаење за можности и вештини Зборник Банско 4-6 декември 2015 ISSN 1857-92.
9.„Начинот на намера на Волтер Бенџамин“, 3та Меѓународна конференција Образование преку граници, Зборник, Битола 6-7 октомври 2016, ISBN 978-9989-00-50-5.
10.„Како учениците ги учат странските јазици и со кои потешкотии се соочуваат“ Меѓународна конференција Нови методи за изучување на странски и втори јазици: исток наспроти запад, 25-26 мај 2018 Неапол, Италија 978-88-9326-217-0.
11.„Историјата на англискиот јазик употребата на јазикот како средство за комуникација“, Банско, декември 2018, ISSN 2545-4439 ISSN 1857-923 X.
12.„Постоење на варијанти и дијалекти во англискиот јазик“, Будва, јуни 2019 ISSN 2545-4439 ISSN 1857 -923X.

**2.2.3. Анализа на објавените научни трудови и научниот придонес на кандидатот**

Рецензентската комисија после прегледот на сите трудови на кандидатот, за приказ и оценка од посебно значење за научниот придонес во областа и предметот во кој кандидатот се избира, посебно земајќи го предвид меѓународниот карактер, издвои следните 4 (четири):

а) научни трудови кои се објавени во меѓународно признати списанија и публикации кои имаат меѓународен уредувачки одбор и меѓународни рецензенти и/или се застапени во една од релеватните библиографски бази на податоци
б) научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции

1. „Начинот на намера на Волтер Бенџамин“ 3та Меѓународна Конференција Образование преку граници Зборник, Битола, 6-7 октомври 2016 ISBN 978-9989-00-50-5.
2.„Историјата на англискиот јазик употребата на јазикот како средство за комуникација“ Банско, декември 2018, ISSN 2545-4439 ISSN 1857-923 X.
3.Како учениците ги учат странските јазици и со кои потешкотии се соочуваат“ Меѓународна конференција Нови методи за изучување на странски и втори јазици: исток наспроти запад, 25-26 мај 2018, Неапол, Италија 978-88-9326-217-0.
4.„Постоење на варијанти и дијалекти во англискиот јазик“, Будва, јуни 2019, ISSN 2545-4439 ISSN 1857 -923X.

Објавените научни трудови, Рецензентската комисија темелно ги проучи и ги смета за валидни во постапката за избор на кандидатот д-р Весна Милевска во наставно-научно звање доцент.

1.„Начинот на намера на Волтер Бенџамин“ 3та Меѓународна конференција Образование преку граници Зборник, Битола 6-7 октомври 2016 ISBN 978-9989-00-50-5

- *Достапност на трудот:* https://plus.mk.cobiss.net/opac7/bib/search?q=education+and+research+across+time+and+space&db=cobib&sort=py&mat=allmaterials
- *Вид на трудот (категорија):*прегледентруд(review)
- *Опсег на трудот:* 0,9 а.а.
- *Јазик на кој е напишан трудот:*Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:*100%

*Опис на трудот (кратко резиме)*
Ако оригиналот се обидуваме да го илустрираме со идеи и мисли на познати модерни и современи теоретичари на книжевноста, пред сѐ како интертекст, односно преплет од текстови, делови од текстови кои се комбинираат и по синтагматската и по парадигматската оска, односно ако не е рамна плоча што може да ја измериме и потоа да ја префрлиме во нова средина, средината на јазикот-цел, тогаш што треба да направи преведувачот за да ја оствари својата задача?
Целта на трудот е да се најде некој од можните одговори во есејот на Валтер Бенјамин „Задачата на преведувачот“. Бенјамин е меѓу првите, ако не и првиот, којшто укажал дека основната разлика помеѓу оригиналниот автор и преведувачот не е само во првичноста туку и во предметот со кој обајцата се занимаваат.
*Научен придонес на трудот*
Научен придонес на трудот претставува да се потенцира разликата која постои помеѓу авторот кој се занимава непосредно со стварноста која потоа ја претвора во јазик (текст) и преведувачот кој никогаш не се занимава со стварноста, туку со туѓа стварност претворена во јазик или попрецизно, со јазик.
*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко подржување за начинот на кој треба да се преведува и да се преточува ориганлот во преведен текст.
*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на рецензентите кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

2.„Историјата на англискиот јазик употребата на јазикот како средство за комуникација“ Банско, декември 2018, ISSN 2545-4439 ISSN1857-923 X

- *Достапност на трудот:*(https://doi.org/10.35120/kij28072209V )
- Вид на трудот (категорија):преглед на труд(review)
- Јазик на кој е напишан трудот:англиски
- Бодување на бројот на автори на трудот: 100% (до 3 автори)
- Проценет придонес на авторот:100%

*Опис на трудот (кратко резиме)*
Англискиот јазик го доби статусот на главен светски јазик поради неговите повеќекратни

функции во меѓународната комуникација: тој е лингва франка за политика, дипломатија, меѓународни академски и деловни конференции, водечки јазик за наука и технологија, масовни медиуми, компјутери и забава. Англискиот јазик како главен медиум во светот е важен и во глобална и во локална смисла. Проширувањето на заедниците на корисници на англискиот јазик укажа на прагматична, концептуална и дискурсна варијација што создаде нови комуникациски потреби. Англискиот јазик е еден од главните глобални и најшироко користени јазици и затоа е потребно да се проучи неговата историја, неговото потекло и развој.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот претставуваат истражувањата за употребата на англискиот јазик како меѓународен јазик што ја подразбира и неопходноста од негово постојано истражување, дискусија, споредба и имплементација во новите услови кои постојано се појавуваат. Тоа е јазик кој има богата историја и голем развој и секако е највлијателен во светот. Научните истражувања кои се направени и се презентирани во овој труд само ќе го олеснат, доближат и подобрат неговото изучување и ќе го направат поблизок за сите кои го практикуваат.

*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

3.„Како учениците ги учат странските јазици и со кои потешкотии се соочуваат" Меѓународна конференција Нови методи за изучување на странски и втори јазици: исток наспроти запад, 25-26 мај 2018, Неапол, Италија 978-88-9326-217-0.

- *Достапност на трудот:* (http://www.giapeto.it/prodotto/new-methods-for-teaching-and-learning-foreign-and-second-languages-west-vs-east/)
- *Вид на трудот (категорија):* прегледен труд (review)
- *Јазик на кој е напишан трудот:*англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:*100%

*Опис на трудот (кратко резиме)*

Фокусот на овој труд е начинот на кој младите учат, одговараат и размислуваат за „Различноста", која се доживува како предизвик за прифаќање здраво за готово на природното верување, вредностите и однесувањето што го одржуваат секојдневното постоење. Секој образовен систем треба да ја социјализира индивидуата во културата. Наставникот воведува пристап за отвореност кон друга култура, наставникот ги учи учениците на кои начини членовите кои се од различната заедница преку опис на „различното" може да се соодветствуваат со членовите во постоечката заедница.

Во овој труд е даден концептот на меѓусебно разбирање кој претпоставува двојна врска помеѓу две култури. Кога наставникот им овозможува на младите да се соочат со „Различноста", наставникот се наоѓа во ситуација на парадокс и напнатост. Наставникот се обидува да го зајакне идентитетот на младите како членови на сопственото општество со фокус на вредностите и убедувањата кои се презентираат преку дадени активности и однесувањето во даденото општество.

*Научен придонес на трудот*

Научниот придонес на трудот претставува наоѓање на одговори за учесниците кои во

учењето јазик обично поставуваат прашања: „Зошто и што“ и тоа кога ќе се формираат нивните први основни концепти, со што тие можат да направат разлика помеѓу реалното и фиктивното. Студентите можат да бидат изложени на кооперативни режими на учење за откривање бидејќи се заинтересирани за истражување. Постојат многу сличности помеѓу учењето на мајчиниот јазик и странскиот јазик.
*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење при учењето странски јазик што е предизвик за постојните идентитети и концептуализирање на себе и на другите.
*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на рецензентите кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

4.„Постоење на варијанти и дијалекти во англискиот јазик“ Будва Јуни 2019 ISSN 2545-4439 ISSN 1857 -923X

- *Достапност на трудот* (https://ikm.mk/ojs/index.php/KIJ/about)
- *Вид на трудот (категорија):*прегледентруд(review)
- *Опсег на трудот:* 0,9 а.а.
- *Јазик на кој е напишан трудот:*Англиски
- *Бодување на бројот на автори на трудот:* 100% (до 3 автори)
- *Проценет придонес на авторот:*33%

*Опис на трудот (кратко резиме)*
Фокусот на овој труд се можните разлики и варијации што постојат помеѓу британскиот англиски и американскиот англиски. Целта е детално да се дискутираат, опишат и анализираат можните варијации што можат да постојат помеѓу двете варијанти, истовремено земајќи го предвид и нивното меѓусебно влијание.
Покрај земјите каде англискиот се зборува како мајчин јазик, тој исто така игра важна улога како светски јазик поради неговата употреба во технологија, медицина, компјутерски науки и многу други области кои се концентрираат на експертиза и формална комуникација помеѓу професионалци на меѓународно ниво.
*Научен придонес на трудот*
Научен придонес на трудот претставуваат истражувања и анализи за разликите кои постојат помеѓу варијациите на англискиот јазик и како тоа влијае на британската, а како на американската варијаца.
*Личен научен придонес на авторот*
Личен научен придонес на авторот во овој труд изнесува 100 % и се состои во неговото теоретско и методолошко владеење на модерните меѓусебни влијанија на јазикот кај сите говорители во Велика Британија и Соединетите Американски Држави.
*Рецензентската комисија го прифаќа ставот на рецензенти кои овој научен труд го оцениле како прегледен труд (review).*

Вреднуваните и анализирани трудови се објавени во рамките на научното подрачје Хуманистички науки и научните области Англистика и Учење странски јазици.

### 2.2.4. Учество на меѓународни конференции
Кандидатката активно учествувала на повеќе меѓународни научни и стручни конференции,

со што покажала дека се вклучува во актуелни научни дебати од научното подрачје со кое се занимава. Исто така, резултатите од сопствените концептуални и емпириски истражувања ги презентира и за нив критички дискутира со научни и други учесници на научни конференции, и придонесува во обликување на критички ставови, предлози и препораки за унапредување на методите и начинот на изучување на англискиот јазик.
Д-р Весна Милевска своите трудови и истражувања ги презентирала на следниве конференции:

1. Стручна конференција „Случувањата во воспитно-образовната практика“- СОУ „Таки Даскало“ Битола, 2010
2. Меѓународната стручна конференција „Ефикасност и ефективност на наставата“, СОУ „Таки Даскало“ Битола, 2011.
3. 3та Меѓународна научна конференција „Знаење-капитал за иднината“, Банско, 2014.
4. 6та Меѓународна научна конференција Моќта на знаењето Зборник 2-4 октомври 2015 Грција
5. 7ма Меѓународна научна конференција Знаење за можности и вештини Зборник Банско 4-6 декември 2015
6. 3та Меѓународна конференција „Образование преку граници“ Октомври, 2016.
7. Меѓународна конференција „Нови методи за изучување на странски и втори јазици: исток наспроти запад“ 25-26 мај 2018 Неапол, Италија.
8. Меѓународна конференција „Знаење во пракса“, Банско, 2018.
9. Меѓународна конференција „Знаење“, Будва, 2019.

**2.2.5. Оценка на научната дејност на кандидатот**

Разгледувајќи и оценувајќи ги објавените научни трудови, Рецензентската комисија заклучува дека резултатите од научната дејност на д-р Весна Милевска по својот опсег, квалитет и научен придонес, значајно ја збогатуваат областа за унапредување на методите и начинот на изучување на англискиот јазик. Оттука, Рецензентската комисија заклучува дека севкупниот досегашен научно-истражувачки ангажман на д-р Весна Милевска ја афирмира како научник во подрачјето на хуманистичките науки, односно во областите Англистика и Учење на странски јазик.

## 3.АНАЛИЗА НА НАСТАВНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

Д-р Весна Милевска работела како професор по англиски јазик од февруари 2000 година до 2021 година во СОУ „Таки Даскало“ Битола. Имено, таа била вклучена во наставниот процес во гимназиското и стручното образование во сите години на настава. Ги употребувала сите методи, техники за подобро совладување на сите вештини кои се поврзани со јазикот. Активно учествувала во сите наставни и вонн наставни активности, работа во секција и учество на натпревари.
Била ментор и на студентите-апсолвенти од Педагошкиот факултет – Битола група англиски јазик по предметот методика на наставата.
Нејзиниот работен стаж како професор по англиски јазик од 22 години како и нејзиното постојано активно учество во обуки придонесува за создавање стабилни темели за да може да продолжи со ангажман и во високото образование.

## 4. АНАЛИЗА И ОЦЕНКА НА СТРУЧНАТА ДЕЈНОСТ НА КАНДИДАТОТ

### 4.1. Учество во проекти

Кандидатот д-р Весна Милевска учествувала во следниве проекти:
- Координатор на проект во рамките на Програмата Доживотно учење Леонардо Да Винчи

„Обуката на наставниците прозорец кон Европската Иднина“ Португалија 2013;
- Координатор на проект во рамките на програмата Еразмус + „Иднината на образованието е во имплементацијата на европската клима во училиштата“ Италија 2014;
- Координатор на проект во рамките на програмата Еразмус + „Стекнување на европски искуства подобри јазични компетенции“Англија, 2014;
- Обучувач за обуки по странски јазик за невработени лица, октомври - декември 2017;
- Еклузивен овластен преставник на ESB (English Speaking Board) за Република Северна Македонија и Република Србија;
- Учесник во европскиот проект дел од „Пелагонија/Флорина-ЗОО Иновативa“- финансиски подржана од делегацијата на ЕУ во Скопје (CRIS/2009DN021101 CN307/701);
- “Поддршка на жените Роми во пристапот на пазарот на трудот во Република Македонија“- финансиски подржано од ЕУ преку Министерството за Финансии на Република Македонија (09-380 46/1);
- Учество во проект „Креирање на кластери за биомаса “- Интерег ИПА Програмата за погранична соработка „Грција- Република Северна Македонија 2014-2020“

**4.2. Учество во обуки**

Кандидатката д-р Весна Милевска се стекнала со практично искуство преку активно учество во многу обуки и тоа:
-стручно усовршување во Оксфорд, Англија “St Joseph Hall College”
-успешно завршена обука на четири тродневни работилници за интерактивна наставна методологија
-успешно завршена обука „Подобрување на оценувањето во училиштата“
-успешно завршена обука во проектот за модернизација на образованието Од Идеја до Трајни подобрувања“
-учесник на училишна обука „Образование за животни вештини“
-учесник во работилници „Предавање во класови со ученици со мешани способности“ и „ Менџирање во училница“
-дел од комисијата за екстерно оценување во Државната матура девет години по ред како прегледувач по предметот англиски јазик.
-успешно завршена обука од програмата за доживотно учење и мобилност Леонардо Да Винчи организирана од Националната агенција за европски интеграции и мобилност.Како дел од оваа програма учество на контакт семинар во Даблин, Р.Ирска (2009) подготвителна посета Истанбул, Р.Турција (2010) и контакт семинар Пултстук, Полска (2012)
-Учесник како тренер на Регионалниот Младински Форум по дебата во Матарушка бања Краљево, Р. Србија
-посетена обука во рамките на проектот Меѓуетничка интеграција во образованието
-Успешно завршена обука и положен испит за директор за средно јавно училиште
-Координатор на проект на СОУ Таки Даскало Битола и Радко Стокл Шуле Мелзунген Германија

**4.3. Преведувачка дејност на кандидатот**

Со оглед на тоа дека кандидатот д-р Весна милевска е овластен судски преведувач од англиски, српски, хрватски јазик на македонски и обратно и таа соработувала со многу компании и била ангажирана како преведувач и толкувач. Исто така, направила превод и на следниве публикации:

1. „Значајни личности за Битола“ издадена од НУУБ „Климент Охридски“ Битола 2007; ISBN 978-9989-2783-0-3
2. „Значајни личности за Битола-писатели“ издадена од НУУБ „Климент Охридски“ Битола 2008;
3. „Книжевен зборник на битолските писатели“ издадена од НУУБ „Климент Охридски“ Битола 2009; ISBN 608-4538-01-0
4. „Библиотеките во Битола“ издадена од НУУБ „ Климент Охрдиски“ Битола 2009;
5. „Битола, љубов моја“ препев на книга со поезија од Панде Манојлов 2009;
6. Превод на ДВД за НУУБ „ Климент Охридски“ Битола 2008; ISBN 978-9989-2783-4-1
7. Превод на предговор кон „Каталогот на стари и ретки книги“ издадена од НУУБ „Климент Охридски“ Битола 2009;
8. „Библиотеките во црквите и манастирите во Преспанско-Пелагонискиот регион“ издадена од НУУБ „ Климент Охридски“ Битола 2010;
9. „Значајни личности за Битола –култура“ издадена од НУУБ „Климент Охридски“ Битола 2010;
10. „12 чекори до здравје со Тианши“ издадена од Агенција за преводи и посредување „Филип М“ 2006;
11. „Прирачник за транспарентно лобирање на граѓанските организации“ Проект финансиран од Европската Унија- Преда 2013 ISBN 978-608-4616-58-0, ISBN 978-608-65635-0-9;
12. „Каменот пред портата наша“ препев на поезија од Бранко Наумовски Полиграфика 2014; ISBN 978-608-65728-1-5;
13. „Прирачник на стручна терминологија“ Средно општинско училиште „Таки Даскало“ Битола; ISBN 978-9989-925-10-8;
14. „Зборот на други јазици“ Радован П. Цветковски превод на поезија Академски печат 2016 ISBN 978-608-231-177-7.

**4.4. Оценка на севкупната стручна дејност**

Од учеството во проекти, посетени обуки и преведувачките активности очигледно е дека вкупниот стручен ангажман и придонес на кандидатот е исклучително плоден, при што посебно се потенцира синтезата на различните, но меѓусебно комплементарни дисциплини кои се во фокус на нејзиниот интерес (лингвистика, методологија, изучување и примена на англискиот јазик) како и интеграцијата и поврзувањето на знаењата и мислењата за идното успешното совладување и креирање на солидно јазично подготвени идни кадри во и надвор од Македонија.

5. ЗАКЛУЧОК, МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА

Откако направи увид во образовниот профил, како и севкупниот научно-стручен и наставен ангажман на кандидатот, д-р Весна Милевска, Рецензентската комисија врз основа на член 125 став 3 од Законот за високото образование на Република Македонија за Критериуми за избор во наставно-научно звање доцент го донесе следниот заклучок:

1. Кандидатот д-р Весна Милевска има научен степен доктор на науки од научната област во која се избира.
2. Кандидатот д-р Весна Милевска има просек над 8,00 на прв и на втор циклус студии.
3. Кандидатот д-р Весна Милевска има објавено четири научно-истражувачки трудови во меѓународни научни списанија и публикации од конференции кои се од соодветната област

во последните 5 години.
4. Кандидатот д-р Весна Милевска покажува способност за изведување на високообразовна дејност бидејќи била активно вклучена во наставна дејност повеќе од две децении но исто така во исто време многу активно се занимавала со научно истражувачка како и стручно апликативна дејност преку учество во бројни проекти и обуки.
Земајќи го предвид горенаведеното, Комисијата има исклучително задоволство да му предложи на Наставно научниот совет на Факултетот за информатика на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје да ја избере д-р Весна Милевска во наставно-научно звање **доцент** во областите 64021 Учење на странски јазици (англиски) и 64004 Англистика

**Рецензентска комисија:**

**Вон. проф. д-р Силвана Нешковска, с.р.**

**Доц. д-р Весна Продановска-Попоска, с.р.**

**Доц. д-р Лела Ивановска, с.р.**

# ИЗВЕШТАЈ НА РЕЦЕНЗИОНАТА КОМИСИЈА

**ЗА ИЗБОР НА**

**Д-р ГОЈАРТ КАМБЕРИ**

**ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ
ОД ОБЛАСТА НА ЕКОНОМСКИ НАУКИ, 50301 Политичка економија, 50302 Применета економија и 51019 Друго на УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ ВО СКОПЈЕ**

Септември, 2021

ИЗВЕШТАЈ НА РЕЦЕНЗИОНАТА КОМИСИЈА ...... 14

ЗА ИЗБОР НА ...... 14

Д-р ГОЈАРТ КАМБЕРИ ...... 14

1.ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ ...... 16

ИЗВЕШТАЈ ...... 17

2.БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ НА КАНДИДАТОТ ...... 17

3.ОДБРАНЕТИ НАУЧНИ ТРУДОВИ ...... 18

3.1.Магистерски труд ...... 18

3.2.Докторска дисертација ...... 19

4.ПРЕГЛЕД НА НАУЧНАТА АКТИВНОСТ НА КАНДИДАТОТ ...... 20

4.1. Приказ и оценка на научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции во земјата и странство ...... 20

4.1.1.Пред избор во звање доцент ...... 20

4.2. Останати стручни трудови ...... 20

4.3. Книги и прирачници ...... 21

5.ПРИКАЗ И ОЦЕНКА НА НАУЧНИОТ ПРИДОНЕС ВО ОБЈАВЕНИТЕ НАУЧНИ ТРУДОВИ ...... 21

5.2. Приказ и оценка на книги и збирки ...... 32

5.2.1. Пред избор во звање доцент ...... 32

5.5. Учество на меѓународни научни конференции во земјата ...... 34

5.5.1. Пред избор во доцент ...... 34

6. НАСТАВНА ДЕЈНОСТ ...... 34

6.2. Оценка на севкупната наставна дејност ...... 35

1. ЗАКЛУЧОК, МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ НА КОМИСИЈАТА ...... 35

# 1. ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

Конкурсот е објавен во дневниот весник „Нова Македонија“ од 7-8.09.2021 год. Во предвидениот рок за поднесување пријава на конкурсот се пријави само д-р Гојарт Камбери, за звање доцент по група предмети од областа на Економски науки и тоа: 50301 Политичка економија, 50302 Применета економија и 51019 Друго. Во пријавата за конкурсот, кандидатот ги достави сите потребни документи според условите на конкурсот и соодветните прописи.

На седницата на Наставно научниот совет на Економскиот факултет на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, определена е комисија во состав:

Д-р Сашо Кожухаров, редовен професор, Претседател
Д-р Зоран Ивановски, редовен професор, Член
Д-р Јулијана Ангеловска, редовен професор, Член

Оваа Комисија доби задача да напише рецензија во врска со изборот за наставник за група предмети од областа на економски науки, и тоа: 50301 Политичка економија, 50302 Применета економија и 51019 Друго.

Во својство на членови на Комисијата го прифативме именувањето. Откако ја прегледавме пријавата и приложената документација и после анализа на научната, наставната и стручната дејност на кандидатот, а согласно одредбите од Законот за високо образование, го поднесуваме следниот

# ИЗВЕШТАЈ

## 2. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ НА КАНДИДАТОТ

Гојарт Камбери е роден на 25.10.1988 година во Тетово. Во Тетово завршува основно и средно образование. Во академската 2006/2007 година се запишува на Факултетот за бизнис и економија при Универзитетот на Југоисточна Европа (ЈИЕ) Тетово, каде ги положува сите испити со просечна оценка 9.24. Веднаш по дипломирањето, 2009 година, последипломските студии по Бизнис Администрација и Организациони Науки ги запишува на Факултетот за Деловна економија и организациони науки при Универзитетот „Американ Колеџ Скопје“ Скопје, каде ги положува сите испити со просечна оценка 9.21 со 128 ECTS кредити и го одбранил магистерскиот труд под наслов „*Анализа на личноста на младите пушачи и приврзаноста кон брендот кон особено бренд за премиум цигари во регионот на Северо-Западна Македонија*“ 20.10.2011 година со особен успех и се стекнува со звање *магистер по бизнис администрација*. Во 2013 година магистерскиот труд на Гојарт Камбери добил награда за најдобар магистерски труд од Истражувачкиот совет ма Универзитетот Американ Колеџ-Скопје.

По магистрирањето Гојарт Камбери веднаш продолжува на докторски студии на Европски центар за мир и развој при Универзитетот за мир на Обединети Нации, во Белград, за на 16.12.2017 година со успешната одбрана на докторскиот труд на тема: „*Економската дипломатија како стратешки пристап во менаџментот на меѓународната безбедност и решавањето на конфликтите*“, се стекна со звање *доктор на науки по економија*. Трудот е изработен под менторство на проф.д-р Давид Дашич, а комисијата ја сочинуваа: проф. д-р Лубиша Адамович, и проф. д-р Владимир Гречиќ.

Во 2011-2012 година се вработува како асистент на Економски факултет на Тетовски Универзитет на група различни предмети од обласга на студиски програми за економија и бизнис: Јавни финансии, Регионална економија, Принципи на менаџмент, Принципи на маркетинг и Меѓународен маркетинг.

Во 2015-2017 година преминува на LaSalle College Istanbul (Canadian Education

Network) во Истанбул, Република Турција како предавач (на англиски јазик) со полно работно време на повеќе од 7 курсеви од студиската програма за моден менаџмент и маркетинг.

Во 2018-2019 година на Епока Универзитет во Тирана, Република Албанија, како предавач (на англиски јазик) со полно работно време на студиските програми за банкарство и финансии бил ангажиран да ги предава следните предмети:

***На додипломски студии:***

Статистика I,

Статистика II,

Вовед во методи на истражување,

Вовед во економија.

***На последипломски студии:***

Менаџерска економија,

Деловна етика,

Применета макроекономија.

За време на своето работно искуство професионално се надградува со учество на проекти и научно истражувачки проекти, а зад себе има и значајни учества на меѓународни конференции и други стручни настапи, обуки и трудови издадени во списанија од релевантни меѓународни бази.

При едногодишен (2012-2013) научен престој на Факултетот за Економија, Оддел за Невроекономија во Универзитетот на Цирих, Швајцарија, од програмата за докторски студии поминал 9 докторски курсеви од областа на Бихевиорални науки и Невроекономија.

# 3. ОДБРАНЕТИ НАУЧНИ ТРУДОВИ

## 3.1. Магистерски труд

**Гојарт Камбери** во 2011 година на Факултетот за Деловна економија и организациони науки при Универзитетот „Американ Колеџ Скопје“ во Скопје се стекнува со звање *магистер по Бизнис Администрација.* Насловот на магистерскиот труд гласи: „*Анализа на личноста на младите пушачи и приврзаноста кон брендот кон особено бренд за премиум цигари во регионот на Северо-Западна Македонија*“. Магистерскиот труд е изработен под менторство на проф. д-р Ана Томовска. Во комисијата за одбрана на магистерскиот труд

како членови се јавија: проф. д-р Миодрага Стефановска и проф. д-р Илијана Петровска од Факултетот за Деловна економија и организациони науки при Универзитетот „Американ Колеџ Скопје“ во Скопје.

Гојарт Камбери во магистерскиот труд го истражува важноста на личноста на младите пушачи и приврзаноста кон брендот особено кон премиум цигари во регионот на северо-западна Македонија. Разгледани се, теоретски, три теории: теорија на приврзаност, теорија на личност и теорија на вредности и тестирана е хипотезата во врска со потенцијалнатите статистички причинско-последичните односи помеѓу младата пушачка личност, вредностите, личноста на брендот и приврзаноста кон брендот и направено е истражување со користење на три инструменти (Schwartz Vales Survey, Big Five Personality Assessment Inventory and Asker`s Brand Personality Inventory) за собирање информации од примерок од 120 млади пушачи на возраст од 18-30 години, со кое преку докажување на меѓузависноста на варијаблите во поставената хипотетска рамка, генералните наоди на студијата сугерираат дека личноста на младите пушачи има статистички незначителна врска со приврзаноста кон брендот на премиум цигари. Наспроти ова, резултатите на студијата сугерираат дека вредностите на младите пушачи и личноста на брендот имаат статистички значајна врска со приврзаноста кон брендот на премиум цигари.

Со магистрирањето Гојарт Камбери се стекнува со звање **магистер по Бизнис Администрација.** Овој магистерски труд претставува една од најактуелните теми во областа на приврзаноста на младите пушачи кон брендот како конструкција и нејзината важност во однесувањето на потрошувачите во Република Македонија.

## 3.2. Докторска дисертација

**Гојарт Камбери** на 16.12.2017 година се стекна со звање **Доктор на науки по економија** со одбраната на докторската дисертација на Европски центар за мир и развој при Универзитетот за Мир на Обединети Нации во Белград, на тема: „*Економската дипломатија како стратешки пристап во менаџментот на меѓународната безбедност и решавањето на конфликтите*“, и се стекна со звање *доктор на науки по економија*. Трудот е изработен под менторство на проф.д-р Давид Дашич, а комисијата ја сочинуваа: проф. д-р Лубиша Адамович, и проф. д-р Владимир Гречиќ од Европски центар за мир и развој при Универзитетот за мир на обединети нации во Белград.

Научно - истражувачката активност на кандидатот ни укажува на научниот интерес насочен кон различни теми и проблематики во состав на основното научно поле на проучување. Најпрвин со магистарскиот труд, го истражува важноста на личноста на младите пушачи и приврзаноста кон брендот особено кон премиум цигари во регионот на северо-западна Македонија а подоцна и со докторската дисертација, кандидатот ја дефинирал својата истражувачка ориентација кон проучување на применета економија и политичка економија, а особено неговата улога и значење во функција на стратешки пристап во менаџментот на меѓународната безбедност и решавањето на конфликтите. Докторската дисертација ги содржи сите потребни елементи кои укажуваат на издржан научно-истражувачки труд со конкретна методолошка поставеност.

# 4. ПРЕГЛЕД НА НАУЧНАТА АКТИВНОСТ НА КАНДИДАТОТ

## 4.1. *Приказ и оценка на научни трудови објавени во зборници на трудови од меѓународни научни конференции во земјата и странство*

### 4.1.1. Пред избор во звање доцент

Во текот на својот професионален ангажман, д-р Гојарт Камбери има објавено повеќе научни трудови од кои еден е од меѓународна научна конференција:

**Kamberi G.**, Markovska-Simoska S, Kamberi B. **Neuroeconomics of Unsustainable Food Consumption Behavior**. Book of Abstracts. Ist South East European Conference on Sustainable Development of Energy, Water and Environment Systems with International Participation 2014. Ohrid, 2014:58 SDEWES.SEE2014-0171 (http://www.ohrid2014.sdewes.org/programme.php).

Kamberi G., Kamberi D. **Powers of intuition in Marketing Management decision making process**, International Conference, 5th Annual Meeting of Institute Alb-Shkenca, Tirana, 2010

## 4.2. Останати стручни трудови

Drenusha K., **Gojart K., UN Respond to the Request of Bosnia and Herzegovina for International Military Intervention: Membership in UN and Framework of Negotiations in 1992,** Journal of European & Balkan Perspectives, Vol.3, No1, 2021.
**Gojart K.,** Drenusha K., **An epistemological discourse on the dialectical conflict "rational versus irrational" and its implication on sustainable economic and political policymaking,** Journal of European & Balkan Perspectives, Vol.3, No1, 2021.
**Gojart K**, Drenusha K, Bajram K. **Political Communication as Epistemic Consumption: A Neuroeconomic Prospective**. Anglisticum Journal (ULLIS) , 2018; 7(3): 98-109.
Kamberi B, **Kamberi G**. **Traditional Eating Habits and Level of Homocysteine in the Acute First-Ever Ischaemic stroke**. Maced J Med Sci 2012; 5(2): 181-188.

## 4.3. Книги и прирачници

Кандидатот е автор на 2 рецензирани книги (монографии) под наслов:

1. Gojart Kamberi-Drenusha Kamberi. **Analytical economic diplomacy as a strategic approach for international security management**. Interlingua, Скопје 2021.]ISBN 978-9989-173-81-7.

2. Gojart Kamberi **Youth smokers personality, values, brand personality and brand attachment toward particular premium cigarettes' brand in the region of North-West Macedonia.** University American College Skopje, Скопје 2013. ISBN 978-608-4607-17-5.

Кандидатот е коавтор на 2 рецензирани книги (монографии) под наслов:

1. Дренуша Камбери-Гојарт Камбери, **Надворешната политика на САД и Турција кон Балканот по завршување на Студената Војна 419904-2001.** Interlingua, Скопје 2021.] ISBN 978-9989-173-82-0.
2. Дренуша Камбери-Гојарт Камбери, **Bashkëpunimi ndërkombëtar i komunave dhe demokracia lokale.** Interlingua, Скопје 2021.ISBN 978-9989-173-81-3.

Кандидатот е коавтор на поглавје во книгата под наслов:

Kamberi B, Kamberi G. **Eating Habits, Falls and Stroke Risk**. In: Francisco ED, editor. Food Production and Eating Habits From Around the World. Nova Science Publishers, Inc.; 2015. p. 103-118.

# 5.ПРИКАЗ И ОЦЕНКА НА НАУЧНИОТ ПРИДОНЕС ВО ОБЈАВЕНИТЕ НАУЧНИ ТРУДОВИ

Рецензентската комисија после прегледот на сите трудови на кандидатот за приказ и оценка од посебно значење за научниот придонес во областа и предметот во кој кандидатот се избира посебно земајќи го во предвид меѓународниот карактер, ги издвои следните

трудови:

1. **Магистерски труд**

   **Гојарт Камбери** во 2011 година на Факултетот за Деловна економија и организациони науки при Универзитетот „Американ Колеџ Скопје“ во Скопје се стекнува со звање *магистер по Бизнис Администрација.* Насловот на магистерскиот труд гласи: „*Анализа на личноста на младите пушачи и приврзаноста кон брендот кон особено бренд за премиум цигари во регионот на Северо-Западна Македонија*“. Магистерскиот труд е изработен под менторство на проф. д-р Ана Томовска. Во комисијата за одбрана на магистерскиот труд како членови се јавија: проф. д-р Миодрага Стефановска и проф. д-р Илијана Петровска од Факултетот за Деловна економија и организациони науки при Универзитетот „Американ Колеџ Скопје“ во Скопје.

   Гојарт Камбери во магистерскиот труд ја истражува важноста на личноста на младите пушачи, сфаќањето за одредени брендови на цигари и приврзаноста кон брендот особено кон премиум цигари во регионот на северо-западна Македонија Во трудот освен теоретскиот дел содржан е емпириски и статистички дел во кој е изработена студија на случај на поставена хипотетска рамка конзистентна на насловот, проблемот и предметот на трудот.

   Поставените хипотези се докажани со што се сугерира дека личноста на младите пушачи има статистички незначителна врска со приврзаноста кон брендот на премиум цигари како предуслов за градење на здрава млада популација. Наспроти ова, резултатите на студијата сугерираат дека вредностите на младите пушачи и личноста на брендот имаат статистички значајна врска со приврзаноста кон брендот на премиум цигари.

   Текстот на овој магистерски труд е поделен во седум основни целини, со додаток на вовед, заклучоци и препораки, како и прилози за поддршка на истражувањето.

   Целините се во склад со проблематиката која во поедини делови научно и стручно се истражува и објаснува, со цел за што поегзактно сфаќање на улогата на личноста и на вредностите на младите пушачи во сфаќање на приврзаноста кон брендот на премиум цигари.

Воведниот дел на магистерскиот труд е во функција на запознавање со актуелноста на темата, потребата од истражување од ваков тип, како и мотивите за определба за изработка на трудот.

Во првата глава, насловена како **Проблемот и неговото поставување** наведени и образложени се: предметот и проблемот на истражување, појавата на истражување, целите, и е теоретски приод во истражувањето каде третирани се сите сегменти од теоретски аспект кои одиграле значајна улога во формирањето на хипотетската рамка, односно на истражувањето кое е спроведено во интерес на поставените хипотези. Се започнува со дефинирање на интеракцијата помеѓу клиентите и брендовите кои одиграле клучна улога во ерата на менаџментот и маркетингот на марката, поради нејзината важност во градењето на многу посакуваната врска на компаниите кои работат за лојалност кон брендот и факторите кои го детерминираат, потребата од запознавање на личноста на младиот пушач и на неговото интерно и екстерно опкружувањето, во кое делува младиот пушач. Секако, станува збор и за врската со приврзаноста кон брендот на премиум цигари на секој млад пушач, па и на неговата личност, каде што е присатна двојноста помеѓу две психолошки поврзани прашања; од една страна пушење како навика, а од друга страна како пушење на одредена марка на цигари. При тоа посебен осврт се прави на младиот пушач и неговата поврзаност кон брендот на премиум цигари.

Во втората глава на трудот насловен како **Теорија на приврзаност** даден е осврт на актуелните состојби во Теорија на приврзаност, конкретно во развојот на приврзаноста, приврзаноста кон брендот како конструкција и нејзината важност во однесувањето на потрошувачите, што предизвикува приврзаноста и емоциите.

Третиот дел од трудот насловен како ***Теорија на личноста*** содржи дискусија за улогата на личоста на потрошувачот во процеот на донесувае на одлуки, совесноста, невротичноста, согласливоста, екстраверзија и отвореност за искуство, човечките карактеристики поврзани со бренд.

Натаму во четвртата глава разработена е ***Теорија за вредности*** во која наведени се човечките вредности за однесувањето на клиентите и индикаторите врз база на кои ќе се докажуваат варијаблите, а со тоа и самите хипотези во интерес на

потврдување или отфрлање на претпоставките поставени во истражувањето.

Во петата глава на трудот насловен како ***Методолошки приод во истражувањето*** наведени и образложени се: предметот и проблемот на истражување, појавата на истражување, целите, теоретско – категоријалениот дел кој се користи во текот на спроведување на истражната постапката, техниките на истражување и мерните инструменти, како и очекуваните резултати од самото истражување.

Шестата глава на трудот насловен како ***Резултатите*** содржи два поддела и тоа ***Квантитативна анализа*** и ***Квалитативна анализа и доказ на хипотезите.*** Во квантитативната анализа прецизно се наведени сите добиени резултати. За визуелизација на истите поставена е и поддршка од хистограмско прикажување на податоците. Следниот поддел се занимава со коментари и насоки кон кои укажуваат добиените резултати. Во овој дел резултатите се групирани во интерес на добивање сознанија за секоја посебна варијабла која во претходниот дел на трудот произлезе од хипотетската рамка на истражувањето, а со тоа и во интерес на докажување на поставените хипотези. Овој дел исто така изобилува со хистограми. Во прилог на трудот секако во целост се сместени истражувачките инструменти кои се користени во текот на истражувањето, како и табеларен приказ на добиени конечни резултати во секој дел на истражувачката постапка. Табеларен приказ е прикажан и за групирани податоци во интерес на докажување на варијаблите, а со тоа и на хипотезите.

Седмата глава на трудот насловен како **Дискусија, препораки и заклучоци** е најобемна бидејќи ги опфаќа сите релевантни факти кои претходно ги потврдила научно-истражувачката јавност на светско ниво. Во заклучниот дел на магистерскиот труд истакнати се сознанијата до кои се дојде со спроведеното истражување и тоа како генерално согледување, но и расчленето по сегментите на истражувањето, односно заклучоците на кои укажуваат посебните и поединечните хипотези со нивните варијабли.

На крајот на магистерскиот труд, како што прилега, презентиран е попис на рецентна, како странска, така и домашна библиографија користена при создавање на магистерскиот труд.

**Научниот придонес на магистерскиот труд** се состои во теоретско-истражувачките вредности. Кандидатот користејки релевантна литература, соодветни научно истражувачки методи и теренски истражувања со помош на анкета која им се доставува на младите пушачи на конкретната географска средина а произлегуваат од различни култури, го констатира значењето на воспоставувањето на проценка кои вредности се значајни за младите пушачи, колку е значајна секоја вредност за нив како водечки принцип во нивниот живот и кои сфаќања за одредени брендови на цигари се помалку и/или повеќе значајни за нив.

На самиот крај на седмата глава на трудот , особено во делот на препораките кои произлегуваат од направеното конкретно истражување кандидатот ја идентификува потребата за потполно нова интердисциплинарна перспектива на теоријата и практиката за маркетинг и за брендирање, која би била многу поефикасна во обезбедувањето на посигурни податоци поврзани со однесувањето на клиентите. Овој магистерски труд претставува една од најактуелните теми во областа на теоријата и практиката за маркетинг и за брендирање во Република Македонија.

**2. Докторска дисертација**

**Гојарт Камбери, „*Економската дипломатија како стратешки пристап во менаџментот на меѓународната безбедност и решавањето на конфликтите*", Европски Центар за Мир и Развој при Универзитетот за Мир на Обединети Нации во Белград,** 16.12.2017.

Научно - истражувачката активност на кандидатот ни укажува на научниот интерес насочен кон различни теми и проблематики во состав на основното научно поле на проучување. Најпрвин со магистарскиот труд, а подоцна и со докторската дисертација, кандидатот ја дефинирал својата истражувачка ориентација кон проучување на економската дипломатија, а особено неговата улога и значење во функција на стратешки пристап во менаџментот на меѓународната безбедност и решавањето на конфликтите.

Актуелноста на проблемот обработена во докторската дисертација произлегува од фактот што кандидатот ги истражува меѓународните конфликтни феномени како

настани што можат да се квантицираат со што нивното мерење овозможи примена на сите три столба на аналитиката: опис (дијагностика), предвидување и препорака.

Во докторската дисертација освен теоретскиот дел содржан е емпириски и статистички дел во кој се изработени три студии на случај на поставена хипотетска рамка конзистентна на насловот, проблемот и предметот на трудот

Докторската дисертација содржи пет делови и тоа:

1. Литературен преглед: Интеграција на историскиот, аналитичкиот и теоретичкиот пристап во одлуката дипломатско расудување за меѓународно управување со конфликти,

2. Применета економска анализа со цел меѓународно управување со конфликти: преференции на конфликтната страна и корисни функции во ситуации на ризик од конфликт и криза,

3. Интеграција на теоријата на игри и стратешка комуникација во дипломатски конфликтни процеси,

4. Управување со меѓународен конфликт: перспектива за креирање меѓународна политика,

5. Општи дискусии и општи заклучоци.

Во првиот дел, насловен како **Литературен преглед: Интеграција на историскиот, аналитичкиот и теоретичкиот пристап во одлуката дипломатско расудување за меѓународно управување со конфликти** наведен и образложен е теоретскиот приод во истражувањето каде третирани се сите сегменти од теоретски аспект кои одиграле значајна улога во формирањето на рамка на истражувањето кое е спроведено во интерес на поставените цели.

Во вториот дел на трудот насловен како **Применета економска анализа со цел меѓународно управување со конфликти: преференции на конфликтната страна и корисни функции во ситуации на ризик од конфликт и криза** даден е осврт на актуелните состојби во меѓународното управување со конфликти. Предметот на истражување се однесува на влијанието на преференциите на конфликтната страна и корисните функции во ситуации на ризик од конфликт и криза врз создавањето и одржувањето на значаен предуслов за подобрување на меѓународно управување со конфликти.

Предметот на истражување на третиот дел на трудот насловен како **Интеграција на теоријата на игри и стратешка комуникација во дипломатски конфликтни процеси** се однесува на влијанието на стратешка комуникација во процесот на посредување во конфликти.

Во четвртиот дел, насловен како **Управување со меѓународен конфликт: перспектива за креирање меѓународна политика** наведени и образложени се предметот и проблемот на појавата на истражување, целите, теоретскиот приод во истражувањето каде третирани се сите сегменти од теоретски аспект кои одиграле значајна улога во формирањето на рамка на истражувањето кое е спроведено во интерес на поставените цели:

- истражување конфликтна теорија до емпириско моделирање-студија 1,

- истражување емпириско моделирање до предвидување конфликт-студија 2,

- истражување од предвидување на конфликт до минимизрање на конфликт или до максимизирање на мирот-студија 3.

Имено, секоја студија содржи теоретски приод во истражувањето, методологија на истражувањето, резултати од емпириското истражување и предлог модел за емпириско моделирање за предвидување на конфликт.

Анализата на резултатите добиени од спроведените емпириски истражување во три меѓусебно поврзани студии поделени се во два дела: описна анализа на истражувањето, линеарна регресивна анализа и доказ на хипотезите пропишана (нормативна) анализа. Во рамките на оваа анализи се претставени и анализирани податоците добиени од примената на сите три столба на аналитиката: опис (дијагностика) во студија 1, предвидување во студија 2 и препорака (нормативa) во студија 3. За визуелизација на истите поставена е и поддршка од хистограмско, табеларно и графиконско прикажување на податоците преку кои јасно се прикажани, а токму со помош на нив се докажуваат поставените варијабли во хипотезите од хипотетската рамка на истражувањето. Во овој дел резултатите се групирани во интерес на добивање сознанија за секоја посебна варијабла која во претходниот дел на трудот произлезе од хипотетската рамка на истражувањето, а со тоа и во интерес на докажување на поставените хипотези. Следниот поддел се занимава со коментари и насоки кон кои укажуваат добиените резултати.

Нормативната анализа дава поширока слика за третираниот проблем, но и за предлог решението дадено во трудот.

**Научниот придонес на докторската дисертација:** Комисијата смета дека докторската дисертација на кандидатот Гојарт Камбери претставува една од најактуелните теми во областа на менаџирањето на меѓународни конфликти. Тоа произлегува од фактот што дисертацијата има соодветна научно-истражувачка заснованост и е обработена според најсовремени методолошки поставки и методи својствени за оваа проблематика.

Научниот придонес е уште позначаен ако се земе предвид фактот дека тоа е единствен труд кој ја третира оваа проблематика и научниот придонес се гледа во научното претставување на меѓународен конфликт како една од најтешките теми за истражување со оглед на тоа што ни една земја не сака да ги отвара своите внатрешни  и надворешни проблеми пред било која земја и се забранети теми за дискусија надвор од една земја. Кандидатот успеал преку соодветни методи и критериуми да ги дефинира начините и стратегиите за креирање предлог-модел. Трудот дава експлицитен модел за најразлични видови на предлог-модели од предвидување на конфликт до минимизрање на конфликт или до максимизирање на мирот во ралични подрачја на политиката меѓународно управување со конфликти.

**Личен придонес на авторот:** Личниот придонес на авторот е 100% бидејќи се работи за самостоен научно-стручен труд од извонредно значење, каде кандидатот успеал да даде предлог-модел за предвидување и управување со конфликт.

3. **Gojart K**, Drenusha K, Bajram K. **Political Communication as Epistemic Consumption: A Neuroeconomic Prospective**. Anglisticum Journal (ULLIS) , 2018; 7(3): 98-109.

Трудот разработува една актуелна и значајна тема во моментот на развој на државите во транзиција кон глобализација. Во трудот Гојарт Камбери со соработници ги презентира модерните гледишта за политичката комуникација како епистемична потрошувачка и теоретските модели од невроекономска перспектива. Во овој труд е насочен кон елаборација на проблемот како да се контекстуализира и унифицира постоечката интердисциплинарна литература преку воведување на концепти за несемантички тип на комуникација, имено прагматична комуникација. Средината во која опстојува и функционира човекот наметнува промени кои доколку човекот не може да ги следи тогаш

истот и не би опстојал. Од тие причини човекот мора постојано да ги имплементира промените и да иновира нови начини на комуникација кои ќе го осовременувата комуникацијскиот процес. Сето ова би било во ред доколку во средината е развиена култура на отвореност кон промените, односно доколку луѓето немаат проблем да прифатат, имплементираат и институционализираат нова промена. Проблемот се јавува поради актуелноста на големиот отпор кој се јавува кај луѓето за прифаќање на промени. И покрај корисноста за когнитивно дедуцирање на конотативното и денотативното значење на пораката, тој предлага дека комуникацијата без семантика содржи таканаречена алатка за прекршување на очекувањата, што предизвикува неврофизиолошки промени што му помагаат на примачот да ја намали неизвесноста (или грешките во предвидување) за неговата околина. Зголемувањето на неизвесноста на срединаа во која живее јавноста, би создала тендеција јавноста да претпочита пораки што повеќе изненадуваат, односно повеќе политички богати пораки. Ова намалување на неизвесноста со однесување во потрага по неизвесноста го илустрира преминот од експлоататорско во истражувачко однесување на публиката, што индиректно влијае на вредноста на политичката порака, правејќи ја политичката порака застарена.

**Научен придонес на трудот:** Трудот третира актуелна тема во областа на невроекономија, но истата иако е нова и сеуште недоволно практикувана, е универзална така што добиените резултати се применливи за сите сфери на политичка економија и применета економија. Презентираните резултати претставуваат значителен импакт во науката заради непостоење на доволно научно потврдени сознанија од оваа област. Трудот ја потврдува поврзаноста на зголемувањето на неизвесноста на срединаа во која живее јавноста, што секако се одразува на создавање на тендеција јавноста да претпочита пораки што повеќе изненадуваат, односно повеќе политички богати пораки.

**Личен придонес на авторот:** Личниот придонес на авторот е 70% бидејки се работи за зеднички труд. Авторите успеале да извршат дистинкција меѓу зголемувањето на неизвесноста на средината во која живее јавноста и тендецијата јавноста да претпочита пораки што повеќе изненадуваат, односно повеќе политички богати пораки. Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа на економски науки, при што користејки го сопственото искуство и теоретска наобразба ги предлага потребните промени за намалуање на неизвесноста на средината.

4. Kamberi B, **Kamberi G**. **Traditional Eating Habits and Level of Homocysteine in the Acute First-Ever Ischaemic stroke**. Maced J Med Sci 2012; 5(2): 181-188.

Трудот разработува една актуелна и значајна тема во моментот во секојдневието: оброците со висока содржина на маснотии претставуваат вообичаена и зголемена навика

кај општата популација во Македонија, но сеуште е недоволно осознаена. Токму предизвикот да се напуштат традиционалните навики во исхраната под влијание на религиозните ограничувања во исхраната на населението во Долен Полог и предизвиците кои ги привлекуваат поединците да се свртуваат кон западната (брза) храна се главна тема на трудот. Истите се поврзани со висока содржина на маснотии, но заради испреплетување и на други ризични фактори претстојува можност за појава на мозочен удар. Трудот прави компарација меѓу навики во исхраната под влијание на религиозните ограничувања во исхраната на населението и појава на мозочен инфаркт и презентира наод од спроведено истражување во Долен Полог, Република Македонија.

**Научен придонес на трудот.** Во овој труд на кандидатот научниот придонес се гледа во научното преставување на традиционалните навики во исхраната под влијание на религиозните ограничувања во исхраната на населението во Долен Полог и предизвиците кои ги привлекуваат поединците да се свртуваат кон западната (брза) храна како посебни и специфични фактори на ризик кои сеуште недоволно се истражени во нашата држава и поради спецификите тешко се прифаќаат. Презентираните состојби претставуваат значителен импакт во науката заради непостоење на доволно научно потврдени сознанија од оваа сфера. Трудот ја потенцира потребата за промена на менталните модели за начинот на исхрана како еден модифицирачки фактор за одбегнување на можност за појава на мозочен удар. Трудот ја истакнува навиката за исхрана како концепт на размислување, живеење и работење кој сè повеќе станува актуелен и неразделив дел од секојдневието на населението. Сознанието за потребата од здрави животни навики веќе се движат по нагорна линија и допираат до населението.

**Личен придонес на авторот:** Личниот придонес на авторот е 90% бидејки се работи за зеднички труд, каде кандидатот успеал да изврши дистинкција меѓу традиционални навики на исхрана и што успеал да ги разреши дилемите околу влијанието на различните навики во исхраната.

4. Drenusha K., **Gojart K., UN Respond to the Request of Bosnia and Herzegovina for International Military Intervention: Membership in UN and Framework of Negotiations in 1992,** Journal of European & Balkan Perspectives, Vol.3, No1, 2021.

Трудот разработува една актуелна и значајна тема на Обединетите Нации за употребата

на воена сила како последното решение во процесот на ставање крај на војна во Босна и Херцеговина. Советот за безбедност со години инсистираше на мирни средства што се покажа како неуспешна политика во спречувањето на злосторствата против човештвото. Геноцидоt во Сребреница беше моментумот што повторно ја отвори дебатата за капацитетите на ОН за одржување меѓународна мир и безбедност. Членство на Босна и Херцеговина и барање на политичките раководствота на земјите за воена поддршка, во раната фаза на конфликтот, таа дава разбирање не само за корените и природата на војната, туку и одговор на прашањето како тоа беше изградба на идејата и политиката на Советот за безбедност за мирно решавање на војната. На фокусот се односите меѓу ОН и земјата - членка чија национална безбедност претставуваше закана и за меѓународниот мир и безбедност. Целта на овој труд е да разбере пристапот на организацијата и текот на преговорите за периодот кога војната во Босна и Херцеговина беше во почетната фаза. Анализирање на главните документи на ОН за периодот мај 1992 година до јануари 1993 година, вклучувајќи резолуции, извештаи и буквално записи од на состаноците, се заклучува дека Советот за безбедност ја имал потребната основа за постапување Поглавје VII од Повелбата на ОН. Постоеше закана за меѓународниот мир идентификувана, на 13 август 1992 година, но преовладува идејата што Советот за безбедност мора да јаземе предвид разгледајте ги одредбите наведени во Поглавјето VI од Повелбата.

5. **Gojart K.,** Drenusha K., **An epistemological discourse on the dialectical conflict “rational versus irrational” and its implication on sustainable economic and political policymaking,** Journal of European & Balkan Perspectives, Vol.3, No1, 2021.

Во овој епистемолошки дискурс, авторот тврди дека и рационалноста и ирационалноста имаат релативистички карактеристики природата. Авторот дополнително го користи овој аргумент за релативистичка природа, за да ги идентификува рационалните обрасци во целина ирационално однесување и да се идентификуваат ирационални модели во општо рационално однесување. Овој релативистички природниот аргумент за рационалност и ирационалност на авторот му служеше да го анализираме напорот за креирање политика во перспектива на две спротиставени, но потенцијално плодни идеологии за креирање политики. Авторот дискутира дека овие два идеолошки различни

напори за креирање политики подлежат на две различни комунални услуги и како такви тие треба да се третираат како два различни, но меѓусебно зависни процеси на креирање политики. Авторот заклучи дека модерното одржливо економско и политичко креирање политики кое е предводено од целта за одржлив развој треба да се разгледа дијалектичкиот конфликт на рационално и ирационално однесување да биде присутно не само во напорите за креирање политики, туку и кај економските агенти однесување, чие однесување креаторот на политиката има за цел да го оптимизира.

## 5.2. Приказ и оценка на книги и збирки

### 5.2.1. Пред избор во звање доцент

Кандидатот е автор на 2 и коавтор на 2 рецензирани книги и е коавтор на поглавје на една книга:

1.Gojart Kamberi, Drenusha Kamberi, Analytical economic diplomacy as a strategic approach for international security management, ISBN 978-9989-173-81-7, Издавач: Interlingua, Скопје, 2021, Рецензенти: проф. д-р Давид Д. Дашич, проф. д-р Агим Мамути, д-р Ислам Јусуфи

Книгата е на англиски јазик и наменета за наставниот и ненаставниот кадар во образовните институции. Книгата дава осврт на фундаменталните теоретски постулати надоградено со истражувачки елементи од областа на менаџментот на меѓународни конфликти. Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа, при што користејки го сопственото искуство и теоретска наобразба го предлага книгата за употреба во наставата по предметитите од областа економски науки и политички науки.

2. Gojart Kamberi, Youth smokers personality, values, brand personality and brand attachment toward particular premium cigarettes' brand in the region of North-West Macedonia. ISBN 978608-4607-17-5, Издавач: Универзитетот Американски Колеџ-Скопје, Скопје, 2012, Рецензенти: проф. д-р Ана Томовска, проф. д-р Илијана Петровска, проф. д-р Илијана Петровска.

Книгата е на англиски јазик и наменета за наставниот и ненаставниот кадар во образовните институции. Книгата дава осврт на фундаменталните теоретски постулати надоградено со истражувачки елементи од областа на менаџментот на меѓународни конфликти. Личниот придонес на авторот во овој труд се согледува во неговата тесна специјалност во областа, при што користејки го сопственото искуство и теоретска

наобразба го предлага книгата за употреба во наставата по предметитите од областа економски науки.

3.Дренуша Камбери, Гојарт Камбери, Надворешната политика на САД и Турција кон Балканот по завршување на Студената Војна 1990-2001, ISBN 978-9989-173-82-0, Издавач: Interlingua, Скопје, 2021, Рецензенти: проф. д-р Јана Кукеска, доц. д-р Авни Авдиу.

Книгата е на македонски јазик и наменета за наставниот и ненаставниот кадар во образовните институции. Книгата дава осврт на фундаменталните теоретски постулати надоградено со истражувачки елементи од обласа на меѓународните односи. Личниот придонес на авторите во овој труд се согледува во нивната тесна специјалност во обласа, при што користејки ги сопствените искуства и теоретска наобразба го предлагаат книгата за употреба во наставата по предметитите од обласа на политички науки и економски науки.

4.Drenusha Kamberi, Gojart Kamberi, Bashkëpunimi ndërkombëtar i komunave dhe demokracia locale, ISBN 978-9989-173-81-3, Издавач: Interlingua, Скопје, 2021, Рецензенти: доц. д-р Авни Авдиу, д-р Ислам Јусуфи.

Книгата е на албански јазик и наменета за наставниот и ненаставниот кадар во образовните институции. Книгата дава осврт на фундаменталните теоретски постулати надоградено со истражувачки елементи од обласа на меѓународната соработка на општините и локалната демократија. Личниот придонес на авторите во овој труд се согледува во нивната тесна специјалност во обласа, при што користејки ги сопствените искуства и теоретска наобразба го предлагаат книгата за употреба во наставата по предметитите од обласа на политички науки и економски науки.

5.Food Production and Eating Habits From Around the World, ISBN 978-1-63482-496-5, Издавач: Nova Science Publishers, Inc, 2015, уредник Francisco Entrena-Duran.

Публикацијата Food Production and Eating Habits From Around the World, собира избрани студии напишани од автори од секој континент. Во неа се прикажани меѓу другото и проблемите и нутритивните навики анализирани во рамките на технолошките и социо-продуктивните трансформации доживеани во многу делови на светот како последица на преминот од традиционалните рурални општества во претежно урбаните и индустриските општества на нашето време предизвикани главно од она што се нарекува глобализација. Д-р Гојарт Камбери е коавтор на поглавјето навики на јадења, религиозни верувања и ризик од мозочен удар (Eating Habits, Falls and Stroke Risk), во публикацијата (Food Production and Eating Habits From Around the World, уредник Francisco Entrena-Duran, Издавач: Interlingua, Скопје, 2021). Публикацијата денес претставува неминовна потреба и од практичен и од теоретски аспект, но и голем предизвик за теоретско-методолошките

истражувања за навики на јадења во ера на глобализација.

## 5.5. Учество на меѓународни научни конференции во земјата

### 5.5.1. Пред избор во доцент

1. Ist South East European Conference on Sustainable Development of Energy, Water and Environment Systems with International Participation Ohrid, 2014. , Охрид, 2006.

2. International Conference, 5th Annual Meeting of Institute Alb-Shkenca, Tirana, 2010

# 6. НАСТАВНА ДЕЈНОСТ

Д-р Гојарт Камбери бил ангажиран како асистент во наставата на првиот циклус на студии на Економски факултет на Тетовски Универзитет на група различни предмети од областа на студиски програми за економија и бизнис: Јавни финансии, Регионална економија, Принципи на менаџмент, Принципи на маркетинг и Меѓународен маркетинг.

По преминувањето на LaSalle College Istanbul (Canadian Education Network) во Истанбул, Република Турција како предавач (на англиски јазик) со полно работно време, предава, исто така на предмети од областа на Менаџментот и маркетинг на прв цилкус: 7 курсеви од студиската програма за моден менаџмент и маркетинг.

На Епока Универзитет во Тирана, Република Албанија, како предавач (на англиски јазик) со полно работно време бил ангажиран во наставата на првиот и вториот циклус на студии на студиските програми за банкарство и финансии да ги предава следните предмети:

***На додипломски студии:***

Статистика I и II,

Вовед во методи на истражување,

Вовед во економија.

***На последипломски студии:***

Менаџерска економија,

Деловна етика,

Применета макроекономија.

## 6.2. Оценка на севкупната наставна дејност

Во рамки на наставната активност, д-р Гојарт Камбери, самостојно ја подготвувал и изведувал наставата на додипломските и последипломските студии. На студентите и соработниците им помагал во наставно научниот развој.

Активно учествувал во поврзување на наставата на сите нивоа со практичната настава при што постојано со студентите дел од наставните активности ги изведувал преку наставни практикуми изразени преку теренски патувања.

Кандидатот значително содржински и методолошки го унапредил наставниот процес и кај студентите потикнувал развој на критички начин на размислување и потреба за постојано стручно усовршување. Воедно има изградено правилен однос во комуникацијата со студентите.

Се залагал за поврзување на теоретската настава со практичната со што студентите полесно би ја совладале материјата и активно учествувал во избор на практичари во наставниот процес. Освен тоа постојано настојувал да го подобри наставниот процес преку постојано иновирање на своите наставни активности.

Комисијата смета дека вкупната наставна активност на кандидатот до сега покажува дека содржински и методички го унапредил својот наставен процес на Факултетот за менаџмент на човечки ресурси особено по предметите Јавни финансии, Регионална економија, Принципи на менаџмент, Принципи на маркетинг, Меѓународен маркетинг, Статистика I и II, Вовед во методи на истражување, Менаџерска економија, Деловна етика и Применета макроекономија. Кандидатот исто така во средината ужива углед на амбициозен и посветен наставник, кој ги следи светските трендови во менаџментот и економските науки и на адекватен начин ги интерпретира и пренесува на студентите.

# ЗАКЛУЧОК, МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ НА КОМИСИЈАТА

Откако направивме увид во севкупното научно, научно-стручно и стручно творештво на д-р Гојарт Камбери, увид во одбранетите и објавени трудови, увид во

биографските податоци и наставната ангажираност и врз основа на лично познавање на кандидатот, ние како Комисија заклучивме дека:

1. Со содржината на трудовите што ги достави кандидатот д-р Гојарт Камбери и неговото работно искуство без сомнение укажуваат дека станува збор за веќе оформен научен работник со богато академско искуство.
2. Исто така врз основа на биографските податоци на кандидатот, како и презентираните согледувања за неговите постигнувања на полето на научно-истражувачките и наставните активности (научни и стручни трудови, конференции, наставна дејност и слично) во земјата и странство – можевме да заклучиме дека станува збор за професионално изграден кандидат со исклучителна комуникативност и успешност во извршување на работните обврски.
3. Затоа цениме дека кандидатот може со успех да ја обавува наставната дејност по група предмети од областа на економски науки на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје

Земајќи ги во предвид сите горенаведени заклучоци, Комисијата има исклучително задоволство да му предложи на **НАСТАВНО НАУЧНИОТ СОВЕТ НА Економскиот факултет** на **Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, д-р Гојарт Камбери** да го избере во звање **доцент** за група предмети од областа **Економски науки и тоа:** 50301 Политичка економија, 50302 Применета економија и 51019 Друго**.**.

## Рецензентска комисија:

**Д-р Сашо Кожухаров, редовен професор, Претседател, с.р.**

**Д-р Зоран Ивановски, редовен професор, Член. с.р.**

**Д-р Јулијана Ангеловска, редовен професор, Член, с.р.**